Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 23, 17 јуни 2009 година

јуни 2009 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за наставно-научната област градинарство и цвеќарство ........ 3

**МИСЛЕЊЕ** по извештајот од претседателот на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за наставно-научната област градинарство и цвеќарство ........ 5

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**М И С Л Е Њ Е**

**по извештајот од претседателот на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, за наставно-научната област градинарство и цвеќарство**

По деталното разгледување на извештајот и приложената документација, во целост се согласуваме со истиот во делот каде е изнесена целокупната актива на кандидатката, како и извршената евалуација на истата, што покрај другото претставува неизбежен елемент врз основа на кој Комисијата треба да даде јасен и недвосмислен заклучок и предлог. Според извршената евалуација на целокупната активност, кандидатката има остварено вкупно 41,6 поени.

Спротивно на тоа, дадениот заклучок и предлог претседателот на Комисијата не го поврзува и поткрепува со гореизнесеното во извештајот и сите потребни критериуми кои треба да бидат исполнети. Исто така, не е даден конкретен и јасен предлог до Наставно-научниот совет, кандидатката да биде избрана во дадено звање, туку вели:

(цитат од извештајот)

*„Комисијата смета дека кандидатката д-р Микица Чавдарова, научен соработник, ги исполнува елементарните услови да биде избрана во звање доцент (еквивалентно на научен соработник) за наставно-научната област градинарство и цвеќарство и му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип да го разгледа рефератот за избор во звање и да донесе соодветна одлука”.*

(завршен цитат)

Според Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип („Универзитетски гласник“ бр.2), член 6 и член 9, елементи кои можат да се земат предвид за избор на лице во звање доцент, покрај елементите утврдени во Законот за високото образование и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија се:

- научен степен доктор на науки од соодветната област во која се избира;
- објавени повеќе трудови од кои најмалку три во научни списанија, од кои најмалку едно е опфатено и со СЦИ и
- да има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НО) =30, (НИ) = 38 и (САОР) = 7, или вкупно 75.

Согласно со член 6 и член 9 од Критериумите за избор во наставно-научни звања, кандидатката остварила вкупно 41,6 поени, што е далеку под потребниот минимум поени (75) за избор во наставно-научно звање доцент.

Според Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ 35/08, член 125), како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, („Универзитетски гласник“ бр.2, член 9), сметаме дека кандидатката д-р Микица Чавдарова не ги исполнува соодветните критериуми за да биде избрана во наставно звање.

Според горенаведено, а поткрепено со соодветната документација која беше доставена на увид, како членови на Рецензентската комисија сметаме дека **кандидатката д-р Микица Чавдарова не ги исполнува основните услови за избор во наставно-научното звање доцент** и му предлагаме на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ **да не биде избрана во звање доцент.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Милан Ѓеоргиевски, с.р.**

**Проф. д-р Верица Илиевска, с.р.**